**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

**СКОПЈЕ, АПРИЛ 2018 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14 и 27/16), Директорот на Државниот инспекторат за труд на ден 03.04.2018 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

Член 1

Во Правилникот за систматизација на работни места во Државниот инспекторат за труд, во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 2. Сектор за управување со човечки ресурси, кај работното место под реден број 10 – Помлад соработник за остварување на права и одговоност на административните државни службеници, во делот на Вид на образование, зборот Наука за книжевност, се заменува со зборот Социјална работа и социјална политика. Во делот број на извршители „1„ се додава зборот „Куманово''.

Член 2

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 5. Сектор за координација, обуки и административно извршување на решенија, кај работното место под реден број 47 – Помлад соработник – Стручна оперативна подршка на активностите за остварување соработка со институции и организации од областа на работните односи и од областа безбедност и здравје при работа, во делот на Вид на образование, зборот Економски науки, се заменува со зборот Безбедност.

Член 3

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 5. Сектор за координација, обуки и административно извршување на решенија, кај работното место под реден број 50 – Советник – Спроведување на постапка за административно извршување на решенија, во делот на Вид на образование, зборовите Економски науки, правни науки, социологија се заменуваат со зборовите Високо образование.

Член 4

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 4. Сектор за правни, нормативни, општи и информатички работи, кај работното место под реден број 36 – Хигиеничар - Курир, во делот број на извршители бројот „(11)" се заменува со бројот „(10)" и зборовите „Берово (1)" се бришат.

Член 5

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 6. Сектор за инспекциски надзор од областа на работните односи, кај работното место под реден број 89 – Помлад инспектор, во делот број на извршители бројот „(6)" се заменува со бројот „(7)" и зборовите „Тетово (3)" се заменува со зборовите „Тетово (4)".

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Инспекцискиот совет.

Директор
Аљајдин Хавзиу

Број 04- 968
03.04.2018 година